  Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

  Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

  При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

- АД МЕПСО бр.11-4271/1 од 06.08.2025г., со кој се известува планерот дека планскиот опфат на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени, не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

- Македонски Телеком АД бр.73457 од 18.07.2025г., со кој се известува планерот дека во границите на планскиот опфат на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени, има постојна МКТ инфраструктура, аплицирана во графичкиот прилог, кој е составен дел на одговорот.

- Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Кисела Вода, бр.09-385/2 од 21.07.2025г., го известува планерот дека потребно е во документацијата да ги вгради претходните услови за заштита и спасување, кои согласно Законот за заштита и спасување – пречистен текст (,,Сл. Весник на РМ,, бр.36/04, 49/04, 86/11 и 93/12), и другите прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени.

Проектниот опфат се наоѓа во населено место Лажани, до кој постои сообрајќаен пристап од источната страна на планираниот опфат, од постојниот (КП 2899 КО Лажани, запишан јавен пат во АКН) и задржан со Урбанистичкиот план за село Лажани, пристап – Планирана Улица Ст 1 – станбена улица со ширина на сообраќаен профил од 8,5м.

Согласно важечкиот УПС за с.Лажани, донесен со Одлука бр.08-2184/2 од 26.09.2016г., од страна на Советот на Општина Долнени, предметниот проектен опфат на УПС за с.Лажани, се наоѓа во Урбан Блок ,,9,,, во зона со намена А1-Индивидуално Домување, со сообраќаен пристап од постојна улица од источната страна на планираниот опфат, од постојна/планирана сообраќајница - Ст 1 – станбена улица со ширина на сообраќаен профил од 8,5м. (1,5м. Тротоар + 5,5м. Коловоз +1,5м. Тротоар).

По доставено Барање со бр.177/25 од 18.06.2024год., за податоци и информации од надлежни субјекти, согласно чл.47 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.весник на РСМ,, бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), за изработка на Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени, во електронскиот систем Е- урбанизам со бр.73457 од 17.07.2025 год., НЕ се доставени податоци-дописи од следните институции:

-Општина Долнени,
-ЈКП ,,Долнени,, Долнени,
-АД Елем Скопје

-Билансни показатели на Постојна состојба-Постојни дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА						
КАТАСТАРСКА ОПШТИНА	БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА (ДЕЛ ОД КП)	НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ГРАДБА м2	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	сопственост
ЛАЖАНИ	1637	1	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	77.48	7.30%	ПРИВАТНА
		2	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	61.08	5.75%	
		3	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	19.03	1.79%	
		4	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	34.20	3.22%	
		НЗ	НЗ - Неизградено земјиште	730.14	68.78%	
	2899	НЗ	НЗ - Неизградено земјиште	139.60	13.15%	РСМ
			ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ	1061.53	100.00%	

Према увидот на лице место до моментот на отпочнување со работа, во планскиот опфат, освен постојните градби со правен стаус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправни објекти, нема други објекти.

3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Проектниот опфат на **Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени**, ги задоволува условите за формирање на градежна парцела, а се планира на гз-градежно земјиште, кое се наоѓа во опфат на важечки Урбанистички план за село Лажани, односно во Урбан Блок,,9,,, во зона со намена А1- Индивидуално Домување .

-Проектен опфат

Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект за формирање на ГП, е формиран од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, и е со површина од 1060,82м2, до кој постои сообрајќаен пристап од источната страна на планираниот опфат, од постојниот (КП 2899 КО Лажани, запишан јавен пат во АКН) и задржан со Урбанистичкиот план за село Лажани, пристап – Планирана Улица Ст 1 – станбена улица со ширина на сообраќаен профил од 8,5м.

За проектниот опфат е изработен Геодетски Елаборат за геодетски намени - Ажурирана геодетска подлога за КО Лажани, изработен од ДПЗПИ,,ГЕОНЕТ,,ДОО Прилеп со дел. бр.0801-243/3 од 10.07.2025г., во согласност со законските одредби, а за планскиот опфат се дадени следните координати за снимени детални точки:

	Координати на прекршни точки	
	X	Y
1	7526781.94	4588959.00
2	7526802.09	4588955.59
3	7526764.59	4588900.58
4	7526757.43	4588925.21
5	7526780.61	4588953.12

На предметниот проектен опфат се врши парцелација, односно се формира градежна парцела, со број ГП 1.

-Основна класа на намена

Во понатамошната примена на УПС Лажани, донесен со Одлука бр.08-2184/2 од 26.09.2016г.од страна на Советот на Општина Долнени, согласно Извод од план бр. 33-404/2 од 17.03.2025г. издаден од Општина Долнени, останува правото на избор на инвеститорот, за големината и формата на градбата да ги зголемува параметрите зададени во УПС, према сопствени потреби со друг УП во согласност со максимално зададените параметри во УПС и усвоениот предметен Урбанистички проект.

Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (,,Сл.Весник на РСМ,, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), класата на намена на проектниот опфат е А1-индивидуално домување/домување во куќи, која е иста со планираната согласно Изводот од УП за село Лажани.

Номенклатурата и групирањето на системот на класи на намени за предметниот проектен опфат е уреден со следните намени:

-група на класи на намени- А домување и престој
-основна класа на намена - А1 куќи за домување

Согласно член 80 од Правилникот за урбанистички планирање (,,Сл.Весник на РСМ,,бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), основната намена се дополнува со комплементарна намена, која служи исклучиво за функционирање на основната намена. Комплементарната намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена, без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаеви го овозможува остварувањето и употребата на основната намена. Како комплементарни намени се делови од градежната парцела или градбата што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање, помошни градби во функција на домувањето и зеленило со одредени рекреативни намени, неопходни за комунална инфраструктура и слично.

На основната намена се определува компатибилна намена, Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности, максимум 30% од основната намена.

За градбите со посебните услови ќе се определи кота на тротоар и апсолутна кота на нулта плоча (приземје).

Со урбанистичко решение за Градежната парцела бр.1, која се формира од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, согласно УПС на село Лажани, Општина Долнени, се планира градба со намена А1- индивидуално домување/домување во куќи**.**

Цел на урбанистичкиот проект е формирање на градежна парцела и усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Организацијата на просторот во градежната парцела е во функција на потребите на сопствениците и корисниците на просторот, а произлегува од неговите просторни карактеристики, диспозиција, сообраќајни врски и др.

Концепциски со овој проект се продолжува досегашното планирање со претходните плански решенија, во однос на намената на просторот, со дополнување на некои параметри, кои се во согласност со важечките нормативи за урбанистичко планирање.

На проектниот опфат со површина од 1061,53м2., се формира исто толкава градежна парцела со номенклатура – ГП 1, на која се планира површина за градење, внатрешен сообраќај, зеленило, максимална висина на градбите со спратност, со сите урбанистички параметри во согласност со важечката регулатива.

Урбанистичките параметри во склоп на Градежната парцела, дадени се во табеларен преглед и во графичкиот дел на планот.

-Нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектен опфат - градежна парцела – ГП 1

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ				
ГП	бр. на објект	Намена на површини	м2	%
1	1.1	Куќа со двор	161.93 m2	15.25%
		Влезни скали /тераса	19.92 m2	1.88%
		Поплочена површина во Г.П/паркинг	539.28 m2	50.80%
		Зеленило	340.40 m2	32.07%
	Вкупно:		1061.53 m2	100%

А1 - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ					
ГП	дел од КП	Намена на површини	м2	%	компатибилни класи на намена
1.1	1637	А1.1 - КУЌА СО ДВОР	1061.53 m2	100%	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10,Б1.11,Б1.13,Б1.14,Б1.15
	2899				
ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ			1061.53 m2	100%	30%

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок „9„), А1-куќи за домување, Општина Долнени

Нумерички показатели

Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899	Г.П.	бр. на објект	намена на површини	класа на намена	висина на венец	катност	површина на парцела	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност	компатибилни класи на намена
1061.53	1	1.1	Куќа со двор	А1.1	5	П	1061.53 m2	161.93 m2	161.93 m2	15.25%	0.15	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10, Б1.11,Б1.13, Б1.14,Б1.15
			Влезни скали /тераса					19.92 m2				
			Поплочена површина во Г.П/паркинг					539.28 m2				
			Зеленило					340.40 m2				
Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899					/	/	1061.53 m2	1061.53 m2	161.93 m2			30%

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО РАМКИ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ - СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗЕТЕЛИ								
намена на површини	класа на намена	висина на венец	катност	површина на парцела	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност
СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ								
Домување во станбени куќи	А1	10.2	П+2+Пк	/	/	/	70%	1.00
СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ СО РАЗРАБОТКА НА ДЕЛ ОД КП БР.1637 И ДЕЛ ОД КП БР.2899 КО ЛАЖАНИ ОПШТИНА ДОЛНЕНИ								
Куќа со двор	А1.1	5	П	1061.53 m2	161.93 m2	161.93 m2	15.25%	0.15

3.2 Сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Во рамките на проектниот опфат – **1061,53м²** се формира една градежна парцела: **ГП 1** со површина од **1061,53 м 2,** со основна класа на намена - А1 куќи за домување.

Пешачката комуникација во градежната парцела и околу градбата ќе се одвива преку пешачки патеки, кои ќе се решат со предлог ситуациа, со проектната документација.

Со проектната документација ќе се предложи и нивелманско решение со определени: висински коти на колски пристап, висински коти на заштитниот тротоар, висински коти на приземна плоча (нулта плоча во однос на котата на терен).

- Обезбедувањето на паркинг места –

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во граница на градежната парцела, согласно чл.134 од Правилникот за стандарди за урбанистичко планирање (,,Службен весник на РСМ,,бр.225/20, 219/21,104/22, 99/23, 7/25 и 143/25);

Со проектната документација се планираат:

- 2 (две) паркинг места, во дворното место;

3.3. Партерно решение со хортикултура

Согласно Законот за Урбано зеленило (,,Службен весник на РСМ,, бр.11/18, 42/20 и 244/24), процентуалната застапеност на зеленило во градежната парцела потребно е да изнесува мин.20%.

Процентот е однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на проектниот опфат, односно градежната парцела. Во рамките на проектниот опфат се обезбедува дворно зеленило со вкупна површина 340,40м2, односно процентуалната застапеност на озенување на проектниот опфат изнесува 32,07%. Хортикултурното решение на партерот ќе се изработи како прилог на основниот проект.

3.4. Водови и инсталации на инфраструктурите

Градбите во градежните парцели на комуналните инфраструктурни системи ќе се приклучат, во согласност од условите што ги пропишуваат соодветните правни субјекти што стопанисуваат со нив, на ниво на населеното место и пошироко. За истите, при обезбедувањето на документација за градење со Основните проекти, ќе се побараат услови од правните лица кои стопанисуваат со предметните инфраструктурни мрежи.

-Јавно комунално претпријатие,, Долнени "– Општина Долнени, за водоводна и канализациона инфраструктура;
-Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје - за приклучување на електроенергетската инфраструктура;
-Македонски телеком - АД за електронски комуникации - Скопје за приклучок на телекомуникациска мрежа;

Во графичкиот дел на Урбанистичкиот проект прикажани се планирани инфраструктурни линии по пристапната сообраќајница која го тангира опфатот.

До изградба на канализациона мрежа се планира септичка јама за прифаќање на отпадните води во граница на градежната парцела.

Во графичкиот дел на Урбанистичкиот проект прикажани се примарни инфраструктурни линии дадени со профили, превземени од Изводот од УПС за с.Лажани.

4. Детални услови за проектирање и градење

Во границата на проектниот опфан во предметниот **Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени,** се формира 1 (една), Градежна парцела, со основна класа на намена А1-куќи за домување со номенклатура и поединечна намена :

ГП 1 – А1.1 Куќа со двор

4.1.Детални услови со нумерички показатели за градбите во проектниот опфат

За проектниот опфат со површина од 1061,53м2, кој е дел од планскиот опфат на УРБАН БЛОК 9, формиран со УПС за с.Лажани, на кој се формира градежна парцела ГП 1, ќе важат следните услови:

-Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градење во проектниот опфат/градежната парцела

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени													
Нумерички показатели													
Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899	Г.П.	бр. на објект	намена на површини	класа на намена	висина на венец	катност	површина на парцела	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност	компатибилни класи на намена	
1061.53	1	1.1	Куќа со двор	А1.1	5	П	1061.53 m2	161.93 m2	161.93 m2	15.25%	0.15	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10, Б1.11,Б1.13, Б1.14,Б1.15	
			Влезни скали /тераса					19.92 m2					
			Поплочена површина во Г.П/паркинг					539.28 m2					
			Зеленило					340.40 m2					
Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899					/	/	1061.53 m2	1061.53 m2	161.93 m2				30%

-Урбанистичките параметри за градежната парцела и градбите

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА – ГП.1

- Градежна парцела – **ГП.1;**
- Намена:
- Група на класи на намена -домување и престој - **А;**
- Класа на намена –домување во куќи - **А1;**
- Поединечна намена – Куќа со двор **- А1.1**;
- Компатибилни класи на намени -**Б1.1, Б1.3, Б1.10, Б1.11, Б1.13, Б1.14, Б1.15, Д1, Д2**;
- Мак. процент на учество на компатибилна намена мах.**30%**;
- Површина на градежна парцела – **1061,53м2**;
- Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
- Мах. површина за градење – **161,93м2;**
- Процент на изграденост на земјиштето – **Р15,25%;**
- Максимална височина на градбата до венец – **5 м;**
- Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
- Спратност - **П;**
- Вкупна изградена површина на сите нивоа – **161,93м2;**
- Коефициент на искористеност на земјиштето - **К=0.15;**
- Коефициентот не е планска одредба;
- Пречекорување од градежната линија - со тераси, балкони, еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно член 108, од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.вес. на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23);
- Диспозицијата на површината за градба е определена согласно член 107 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.вес. на РСМ бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).
- Планските одредби за отвори се корелативни со планските одредби за површината за градење:
- кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е 0.00м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела;

- кога растојанието е од 1.20м до 3.00м. дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1.60м;
- кога растојанието е поголемо од 3.00м дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0.00 до 1.60м;
- Минималната височина на нултата плоча е +15см. во однос на заштитниот тротоар;
- Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
- Покривот и кровната конструкција согласно проектна документација;
- Висина на слеме ќе се определи со проектната документација;
- Со УП е определена мак.висина на слемето - 4.50м;
- Со кровната конструкција и покривниот материјал објектот да се вклопи во природниот амбиент.
- Од мак. височина на дозволената силуета може да отстапуваат: покривни баџи, стакларници, оџаци, вен. канали, вертикални комуникации и сите архитектонско декоративни елементи.
- За изработка на фасада да се употребат материјали кои ќе одговараат на постојниот амбиент, материјал од локален карактер (камен, дрво) кои ќе се уклопат со околните градби;
- Обликувањето на градбата треба да е согласно стандардите и нормативите за архитектонско обликување на објектите пропишани во Правилникот за стандарди и нортмативи за проектирање (Сл.вес на РМ бр. 60/12, 29/15, 32/16, 114/16);
- Озеленување на градежната парцела мин.20%, согласно Законот за Урбано зеленило (,,Сл.Весник на РСМ,, бр. 11/18, 42/20 и 244/24).
- Колски пристап до градежната парцела од постојна/планирана сообраќајница согласно Општ акт;
- Паркирање во градежна парцела;
- Број на паркинг места согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23) се утврдуваат: 2 (две) паркинг места во дворното место.
- Оградување на ГП со ограда која ќе се вклопи во амбиентот на просторот – транспарентна ограда со вкупна висина од 1.20м до 1.80м, со можност за изградба на ѕиден парапет со висина од 0.40м. до 0.80м;
- Со партерното уредување на градежната парцела со основниот проект, може да се определи поставување на други објекти со комплементарна намена, што се за функционирање на основната намена.
- **Потребно е да се побара услови за приклучок на комуналните инфраструктурни објекти од правните лица:**

Градбите во градежната парцела ќе се поврзат на комуналните инфраструктурни системи, во согласност од условите што ги пропишуваат соодветните правни субјекти што стопанисуваат со нив, на ниво на населеното место и пошироко. За истите, при обезбедувањето на документација за градење со Основните проекти, ќе се побараат услови од правните лица кои стопанисуваат со предметните инфраструктурни мрежи.

-Јавно комунално претпријатие,Долнени“–Општина Долнени, за водоводна и канализациона инфраструктура;

-Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје- за приклучување на електроенергетската инфраструктура;

-Македонски телеком - АД за електронски комуникации - Скопје за приклучок на телекомуникациска мрежа;

5. Мерки за заштита

5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план или друг вид урбанистичка документација е следна:

-Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22, 171/22 и 3/25);

-Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 3/25);

-Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 3/25);

-Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 151/21 и 3/25);

-Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 216/21 и 3/25) ;

-Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 3/25);

-Закон за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 83/18, ,,Св. на РСМ",бр.82/20 и 215/21)

-Закон за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 135/07, 17/08, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 178/21, 91/23, 218/26 и 235/24);

-Правилник за урбанистичко планирање (,,Сл.весник на РМ,, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25);

-Закон за градење и други законски и подзаконски акти.

Право и должност на Република Северна Македонија, општините, како и сите правни и физички лица е да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, а тоа е регулирано со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22, 171/22 и 3/25).

Цели на овој Закон се:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на животот и здравјето на луѓето;
- Заштита на биолошката разновидност;
- Рационално и одржливо користење на природните богатства и

- Спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при превземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мориторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната организација на урбаниот опфат.

5.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,СВ на РСМ", бр.82/20 и 215/21), Законот за пожарникарство (,,Св. на РМ", бр.168/17-Пречистен текст, ,,Св. на РСМ", бр.152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговските друштва, здруженијата на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21) и Закон за пожарникарство (,,Св. на РМ", бр.168/17-Пречистен текст, ,,Св. на РСМ", бр.152/19), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (,,Сл.весник на РМ,, бр.98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (,,Сл.весник на РМ,,бр.105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и сретствата за заштита и спасување;

- Одредување и изведување на заштитни мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофитии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштитата и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи. Истиот содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување.Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно чл.51 и чл.53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување, мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност на можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности;
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување;
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата, согласно чл.53 од Законот за заштита и спасување, како и во склад со Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (,,Сл.весник на РМ,,бр.105/05).

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфраструктура.

Согласно чл.54 од Закон за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21), а во функција на уредување на просторот, задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Обезбедување на противпожарни печки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфраструктура

Согласно чл.61 од Закон за заштита и спасување (,,Св. на РМ",бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21), се предвидуваат:

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секодневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасниматерии и средства за производство, складирање и транспортна истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии нагасови, запалливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозиина гасови, запалливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матерјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат, предметна разработкана овој УП.

<u>Урбанистичко-технички мерки</u>

Засолнување

Согласно Законот за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМсо подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследствона Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за меркитеза заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита испасување, а иститесе вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа

на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштетоина капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследствона своето подрачје.

Заштита и спасување од поплави, уривање брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинскитекоти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење наводата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учествово санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Организацијата и спроведувањето на заштита од поплави е даден во Уредба за спроведување на заштита и спасување од поплави (,,Службен Весник на РМ,, бр.91/10).

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.Од изработка на елаборатите се изземаат станбените градби со висина на венец до 10м. И јавните градби со капацитет на истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата за заштита и спасување, согласно чл.70 од Законот за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спроведувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Законот за пожарникарство (,,Св. на РМ", бр.168/17-Пречистен текст, ,,Св. на РСМ", бр.152/19), и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (,,Сл.весник на РМ,, бр.98/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (,,Сл.весник на РМ,, бр. 94/09) и други законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар, ќе го опслужува противпожарната единица од Прилеп.Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степеност на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови, и слични погодности кои имаат влијание врз загрозеноста и заштитата од пожари.

Заради поуспешна заштита од вакви и слични појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на истите, спречување на нивно ширење, гаснење и укажување помош при отдтранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфраструктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да биде во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно чл.76 од Законот за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводна мрежа е должно да изработи основни решенија на улична хидрантска мрежа со сите делови на градот.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време натранспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се вршина местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува Дирекцијата за заштита и спасување.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки.За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот отпад, при евентуални урнатини.

Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (,,Сл.весник на РМ,,бр.98/05).

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на урбанистичката документација да се разработат мерките за заштита од свлечишта.

- Потребно е стабилизирање на косините (потпорни ѕидови) во колку е тоа потребно.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Сообраќајниот систем на планскиот опфат се состои од сообраќајница оја овозможува лесен пристап на противпожарните возила до градбите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап на пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасувањето на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат, треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени, поради лесен пристап на пожарни возила до градбите.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ", бр.82/20 и 215/21).

При реализација на Урбанистичкиот проект, да се почитуваат мерките од наведениот закон.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени МСЗ, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите.

Густината на градбите, односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмилко проектирање, градби со помали висини и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

При реализација на Урбанистичкиот проект, согласно членовите 13, 14, 34, и 35 мора да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (,,Св. на РМ", бр.93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, ,,Св. на РСМ",бр.82/20 и 215/21) и Законот за пожарникарство.

<u>Хумани мерки</u>

Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните икултурните добра на РМ, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

Општината на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основнитеуслови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование),со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товарна општината од која е евакуирано населението, односнона товар на Републиката.

Со Уредбата за спроведување на мерката зазаштита и спасување–евакуција на населението (Сл. Весник на РМ бр. 101/10) се уредува спроведувањето на мерката евакуација на населението која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на еевакуација на населението се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување и опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Државата и единиците на локалната самоуправасе должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифититотии и други нереќи останало без дом и средства за живеење и кое поради згрозеност се задржало надвор од своето местона живеење. Републиката и едниците на локална самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

Согласно Уредбата за згрижување на настрадано и загрозено население (,,Сл. Весник на РМ,, бр. 100/10), се уредува спроведувањето на мерката згрижување на настрадано и загрозено население кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување. Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на згрижување на настрадано и загрозено население се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа обезбедуваат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства заживеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко – технолошки катастрофи

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на меркиза заштита и отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и споствениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарстваи сточнахрана, јавните здравствени служби, како исопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Прва медицинска помош

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства занавременооткривање, следење и контролана опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците одрадилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на мерки за заштитаи отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сосвениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство,сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образобание на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Со уредбата за спроведување на мерката за радилошка, хемиска и биолошка заштита (,,Сл. Весник на РМ,, бр.91/10) се уредува спроведувањето на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Домувањето, мобилноста и пристапноста се основните предуслови за спроведување на сите активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и нивното вклучување во заедницата.

За сите овие подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во сегментот на пристапноста да се градат сообраќајници со спуштени рабници, раскрсници со звучни семафорски уреди, со тактилни површини за слепи лица, како и звучни и визуелни најави во возилата на јавниот превоз, со можност слепото лице да користи куче – водич во сите средства на јавниот превоз и влез во сите градби за јавни намени.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
– намената и користењето на површините;
– мрежата на инфраструктура;
– мрежата на населби;
– заштитата на животната средина.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

– Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
– Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;
– Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина;
– Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

11.Извод од план од повисоко ниво

Според член 4 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места, урбанистички планови вон населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството за животна средина и просторното планирање, издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Следствено на тоа, за изработка на овој УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ изработени се Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 34414 од Април 2015год од Агенцијата за просторно планирање на РМ, кои произлегуваат од Просторниот план на РМ и се составен дел од **Решението за Услови за планирање на просторот** со бр. 15-5127/3 од 22.06.2015г. издадено од Министерството за животна средина и просторното планирање.

Спроведувањето на планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи како и другите развојни програми и сите видови на планови, со Просторниот план. Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р. Македонија, а во согласност со истиот.

Б - нумерички дел -

1. **Нумерички показатели на постојната состојба**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА				
1	ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	100%	1,303,942.67	m²
2	ЈАВНИ ПОВРШИНИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	12%	159,342.67	m²
2.1	АСФАЛТИРАН КОЛОВОЗ		34,338.60	m²
2.2	НЕРЕГУЛИРАН ВОДОТЕК - РЕКИ		33,871.00	m²
2.3	НЕРЕГУЛИРАНО ЈАВНО ЗЕМЈИШТЕ		91,133.07	m²
3	ВКУПНА НЕИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	33%	433,792.00	m²
4	ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	55%	710,808.00	m²
4.1	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		664,009.92	m²
4.2	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ		3,567.14	m²
4.3	Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ		1,121.77	m²
4.4	В1 - ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ		5,758.40	m²
4.5	В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТА И ДЕТСКА ГРАДИНКА		266.00	m²
4.6	В3 - КУЛТУРА - КИНО		159.00	m²
4.7	В5 - ВЕРСКИ ОБЈЕКТ - ЏАМИЈА		2,010.07	m²
4.8	Г4 - СТОВАРИШТА		4,052.00	m²
4.9	Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА		925.00	m²
4.10	Д4 - МУСЛИМАНСКИ ГРОБИШТА		28,938.70	m²

5	**БРУТО ПОВРШИНА под ГРАДБА (под објекти)**	**73,247.50**	**m²**
5.1	**А1** - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	68,415.10	m²
5.2	**Б1** - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	1,762.30	m²
5.3	**В1** - ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ	1,486.80	m²
5.4	**В2** - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТА И ДЕТСКА ГРАДИНКА	266.00	m²
5.5	**В3** - КУЛТУРА - КИНО	159.00	m²
5.6	**В5** - ВЕРСКИ ОБЈЕКТ - ЏАМИЈА	310.80	m²
5.7	**Г4** - СТОВАРИШТА	847.50	m²
6	**БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА под ГРАДБА (под објекти)**	**145,187.20**	**m²**
7	**ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - Пи**	**10.3%**	
8	**КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (просек) - Ки**	**0.20**	
9	**БРОЈ НА НЕИЗГРАДЕНИ КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ**	**235**	
10	**БРОЈ НА ИЗГРАДЕНИ КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ**	**408**	
11	**БРОЈ НА ЖИТЕЛИ**	**1864**	
12	**НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ**	**26 ж/На**	
13	**БРУТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ**	**14 ж/На**	

планер:

ЉУПЧЕ СТОЈЧЕСКИ, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0153

А - текстуален дел –

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

При создавањето на концепт за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ се настојуваше да се запазат програмските барања, насоките од Просторниот план на РМ, прилагодување на постојната состојба како предуслов за брза реализација, а при тоа целосно да се испочитува законската регулатива. Реализацијата на УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите од Просторниот план на Република Македонија треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

Основа за изработка на планот ќе биде Просторниот план на Република Македонија. Планот ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15) како и другата позитивна законска регулатива која се однесува на оваа област.

Планскиот опфат во овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ има вкупно површина од 130,4ха, а година на базни податоци за планирањето е 2015 година со важност на планскиот период од 10 години, односно до 2025 година согласно член 43, став 1 алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16). Планскиот документ ќе се изработи во една фаза:

- предлог план,

Планскиот опфат за н.м. Лажани кој е предмет на разработка се наоѓа во Општина Долнени, Истиот се наоѓа во општина Долнени на околу 25 км северозападно од Прилеп, сместено од двете страни на регионалниот патен правец **Р2335** - (Вашареица - врска со Р1101 - Бучин - Обршани - Кривогаштани - Ропотово - врска со Р1303). Пристапот до населеното место е овозможен директно од наведениот регионален правец.

Природните карактеристики на едно подрачје представуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Клима: Во овој предел владее умерено-континентална клима, со просечна годишна температура од 11,1оС, односно просечен годишен максимум 16,6оС и годишен просечен минимум 6,1оС. Годишната амплитуда изнесува 21,8оС, додека разликата меѓу апсолутниот максимум (39,4оС) и апсолутниот минимум (-22,4оС) изнесува 61,8оС. Просечната годишна сума на сончевиот сјај изнесува 2300,7 саати. Просечна релативна влажност на воздухот изнесува 68%, што е прилично блиску до оптималната (70%).

Врнежи: Во поглед на врнежите карактеристичен е медитеранскиот плувијален режим. Просечна годишна сума на атмосверскиот талог изнесува 551,5мм, со големи осцилации во поедини години (од 138мм до 712мм) и со нерамномерна распореденост во текот на годината. Просечно годишно има 33 денови со снежна покривка, а 150 дена трае мразниот период.

Магла: Просечно годишно има 12 дена со магла, 93 ведри денови, 183 облачни и 89 тмурни.

Ветрови: Подрачјето се смета за добро проветрено, со најголема зачестеност на ветровите од североисточен правец од 258‰ и просечна брзина од 3,7м/сек. југозападниот ветер со честина од 112‰, јужниот 55‰ западниот 38‰ северниот 37‰ исток 32‰ северозапад 17‰ и североисток 13‰.

Сеизмика: Врз основа на досегашните сеизмолошки истражувања и макросеизмичката реонизација на територијата на РМ, очекуваните максимални земјотреси од локални или далечински жаришта, во рамките на урбаното подрачје ќе се манифестираат со епицентрален интензитет до VII° според МКС скала.

2. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој во рамките на планскиот опфат

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија. Планскиот концепт на развојот и уредувањето на селските подрачја претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Крајната цел на овој УПС е да ги утврди параметрите кои се потребни за реализација на урбанизирано населено место, а воедно да ги даде и насоките за наменската употреба на земјиштето и градбите при изработка на проектната документација, каде што градежната парцела ќе претставува една (1), дел од катастарска парцела или повеќе катастарски парцели. Исто така има цел да ги утврди и планските услови за изработка на проектната документација за инфраструктурните водови.

3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

Со овој УПС се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето и градбите. Планскиот концепт, со утврдените регулациски линии и граница на наменски зони, овозможува уредување на просторот во квалитетна композиција. Површините за градба не се цел на овој Урбанистички план и истите ќе бидат предмет на разработка со Архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16).

Сообраќајниот концепт е основа за планскиот концепт. Програмските барања и постојната сообраќајна инфраструктура го услови планираното сообраќајно решение, кое е поставено во корелација со стандардите и нормативите за планирање на ваков простор. Оваа сообраќајна мрежа овозможува нормално одвивање на сообраќајот во планскиот опфат. Со тоа се создава концепција на реална урбанизација со можност за поедноставна реализација на планот, без нарушување на имотно-правните односи (освен за оформување на јавните сообраќајни површини), а при тоа целосно да се испочитува законската регулатива.

Планот е разработен на ниво на БЛОКОВИ, вкупно дваесет и девет (29) блокови, со детална разработка на секој блок со НАМЕНСКИ ЗОНИ. Согласно член 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16) во графичкиот приказ на Урбанистичкиот план за село не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, а катастарската парцела претставува градежна парцела. Исто така, градежната парцела може да се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели или на една катастарска парцела може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби, и во сите случаи градежната парцела и површините за градење се

утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16). При изработка на архитектонско-урбанистички проект согласно член 13 став 3 точка 4 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15) граница на проектен опфат може да биди и граница на урбан блок дефиниран во урбанистички план.

Табела бр.1

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ ПО БЛОК	
БРОЈ	ПОВРШИНА m²
блок 1	19,343.67
блок 2	71,136.31
блок 3	37,137.29
блок 4	56,270.36
блок 5	39,904.54
блок 6	16,502.44
блок 7	133,261.18
блок 8	14,561.62
блок 9	116,728.89
блок 10	6,989.84
блок 11	7,997.27
блок 12	31,249.44
блок 13	24,235.54
блок 14	14,758.92
блок 15	26,575.19
блок 16	47,598.06
блок 17	73,439.60
блок 18	28,158.52
блок 19	41,746.60
блок 20	19,656.69
блок 21	25,048.13
блок 22	15,788.61
блок 23	75,993.03
блок 24	9,360.23
блок 25	103,578.49
блок 26	86,482.34
блок 27	44,071.63
блок 28	28,809.43
блок 29	87,558.81
ВКУПНО ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:	1,303,942.67

- Намена на земјиштето и градбите

Со цел непречено функционирање на населеното место Лажани во рамки на утврдениот планскиот опфат кој е со вкупна површина од 130,4 хектари, предвидени се следниве класи на намена со соодветните компатибилни класи на намена со максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15) и тоа:

Табела бр.2

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА				
1	ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	100%	1,303,942.67	m²
2	ЈАВНИ ПОВРШИНИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	9%	120,660.71	m²
2.1	УЛИЦИ - КОЛОВОЗ И ТОРТОАРИ		97,370.04	m²
2.2	РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК - РЕКИ		12,012.27	m²
2.3	ЈАВНИ ПОПЛОЧЕНИ ПОВРШИНИ		3,856.40	m²
2.4	Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО - ТРЕВА		7,422.00	m²
3	ВКУПНА ПОВРШИНА НА НАМЕНСКА ЗОНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	91%	1,183,281.96	m²
3.1	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	93.32%	1,104,272.60	m²
3.2	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	0.03%	402.14	m²
3.3	Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	0.48%	5,687.73	m²
3.4	Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	0.09%	1,104.37	m²
3.5	В1 - ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ	0.50%	5,908.12	m²
3.6	В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТА И ДЕТСКА ГРАДИНКА	0.28%	3,310.95	m²
3.7	В3 - КУЛТУРА - КИНО	0.02%	278.29	m²
3.8	В5 - ВЕРСКИ ОБЈЕКТ - ЏАМИЈА	0.15%	1,765.43	m²
3.9	Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	0.82%	9,755.65	m²
3.10	Г3 - СЕРВИСИ	0.15%	1,792.46	m²
3.11	Г4 - СТОВАРИШТА	1.08%	12,827.89	m²
3.12	Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	0.21%	2,524.78	m²
3.13	Д4 - МУСЛИМАНСКИ ГРОБИШТА	2.70%	31,958.50	m²
3.14	Е2 - БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И ТРАФОСТАНИЦИ	0.14%	1,693.05	m²
4	БРУТО ПОВРШИНА под ГРАДБА (под објекти)		828,297.37	m²
5	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (под објекти)		2,484,892.12	m²
6	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - Пи	70.0%		
7	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (просек) - Ки	2.10		
8	БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	3057		
9	НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ	28 ж/На		
10	БРУТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ	23 ж/На		

Површините наменети за сообраќај се прифатливо димензионирани и се во рамките на пропишаните нормативи. А што се однесува до предвидениот утврден простор по наменски зони, во кој површините за градба ќе ја добијат правата форма и волумен, со изработка на Архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16).

При изработка на планската документација, воспоставена е и испчитувана ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето со утврдување на нормите и стандардите за градба.

- Регулациони линии

Регулационата линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

Регулациона линија е просторно дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот.

- Површини за градба и висински план

Површините за градба не се цел на овој Урбанистички план и истите ќе бидат предмет на разработка со Архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16).

Висинскиот план согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15), е условен од коефициентот на искористеност што е зададен како максимален и од минималниот број на паркинг места што се потребни за секоја градежна парцела посебно, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Што се однесува до котата на нултата плоча таа изнесува од 0.00-1.20м, мерено од котата на тротоарот од соодветната улица, преку која има колски пристап до градежните парцели во планскиот опфат.

- Процент на изграденост и Коефициент на искористеност

Предвидените максимални површини за градба на објекти (процент на изграденост) и нивниот проектиран волумен (коефициент на искористеност на земјиштето) се во согласност со пропишаните, односно во склоп на рамките на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15).

- Сообраќај и нивелациски план

Сообраќајната инфраструктура претставува заначаен фактор во еден планиран простор и е од витално значење за планскиот опфат. Најважна основа на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа да биди така поставена за да биди прегледна и јасна, да овозможи безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајните токови и да овозможи рамноправен третман на сите учесници во формирањето на сообраќајните токови.

За овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА регионална патна мрежа во Републиката, релевантна за предметниот простор е:

Регионалниот патен правец е:

– Р-512 - (Ропотово-врска со Р-513-Кривогаштани-Демир Хисар-врска со Р-416)

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл.Весник број 133/11, 150/11 и 20/12) овој регионален патен правец влегува во групата на регионални патишта "Р2" и се преименува со ознаката:

– Р2335 - (Вашареица - врска со Р1101 - Бучин - Обршани - Кривогаштани -Ропотово - врска со Р1303)

Истиот е главен носител на севкупниот сообраќај во подрачјето на планскиот опфат, кој преку него е поврзан со останатата сообраќајна мрежа.

Гледано од собраќаен аспект, низ планскиот опфат поминува регионалниот патен правец **Р2335** - (Вашареица - врска со Р1101 - Бучин - Обршани - Кривогаштани - Ропотово - врска со Р1303) и повеќе локални патишта кон соседните населени места Саждево, Јакреново, Борино, Житоше и Дебреште.

Во овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ – ОПШТИНА планирана е следнава сообраќајна мрежа:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА

- Магистрална улица низ село – М1 (регионален пат– **Р2335** - (Вашареица - врска со Р1101 - Бучин - Обршани - Кривогаштани -Ропотово - врска со Р1303) со сообраќаен профил од 9,5м (1,5 мтротоар + 6,5м коловоз + 1,5м тротоар). Во делот од заштитниот појас од 20м не се дозволени површини за градба.

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА

- Сервисна улица– Ср1 со сообраќаен профил од 9,5м (1,5 мтротоар + 6,5м коловоз + 1,5м тротоар) и тоа: **УЛИЦА '1' , '2' , '3' , '4' , '5' , '6' , '7' и '8'.**

- Станбена улица– Ст1 со сообраќаен профил од 8,5м (1,5 мтротоар + 5,5м коловоз + 1,5м тротоар) и тоа: **УЛИЦА '9' , '10' , '11' , '12' , '13 , '14' и '15'**.

- Пристапна улица– Пр со сообраќаен профил од 5,5м и тоа: **УЛИЦА '16', '17', '18', '19', '20', '21', '22', '23', '24', '25', '26', '27', '28', '29', '30', '31' и '32'.**

- Пешачка улица– Пу со сообраќаен профил од 4,0м – 5,5м.

- Пешачка патека – Пп со профил од 2,0м – 4,0м.

Истите сообраќајници се главни носители на севкупниот сообраќај во планскиот опфат. Тие овозможуваат пристап до секоја парцела, како најмала планерска целина. Сообраќајниот пристап до градежните парцели во блоковите да биди во согласност со член 63 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15).

- Паркирањето или гаражирањето е обезбедено во сопствената градежна парцела. Минималниот број на паркинг места ќе се утврди со проектната документација за секоја градежна парцела посебно како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15).

- Регулирањето на сообраќајот на крстосниците е со хоризонтална сигнализација. Стандардните сообраќајни знаци се изработуваат према детални цртежи од важечките стандарди, а према Правилникот за сообраќајни знаци (за изборот и распоредот на овие знаци да се усогласи со концептот на сообраќајно решение на поголем опфат, а искажано со посебни детални типски цртежи).

- Хоризонталната сигнализација е составена од подолжни линии, средна линија, разделна линија, стоп линија, линија за водење, пешачки премини, стрелки за обележување на насоки за движење. Изведувањето на хоризонталната ситуација да се врши према ситуациите од концептот на сообраќајно решение и треба да се даде решение во склоп на Основните Проекти за сообраќајниците.

- За изработка на нивелациски план како прилог на сообраќајот, во основа е изработено и во него се внесени подолжните и попречните падови на сообраќајниците во графичките прилози. Што се однесува до самата изработка на решението, истото максимално се прилагодува на постојниот терен, а со цел да се добие нивелета со минимален пад од 0,3% до 1,7% максимален пад. Попречните падови на сообраќајниците и паркинг просторот ќе изнесуваат максимално од 0,5-1,0%. Сите други елементи на нивелманското решение ќе биде дадено со Основниот Проект за сообраќајот.

Сите други елементи на нивелманското решение ќе биде дадено со Основниот Проект за сообраќајот.

Во следната табела е прикажан билансот на површини на сообраќај во планскиот опфат:

Табела бр.3

ПРЕГЛЕД НА СООБРАЌАЈНИ и ЈАВНИ ПОВРШИНИ					
р.б	тип на улица	должина m¹	коловоз m²	тротоар m²	вкупно m²
ПРИМАРНА МРЕЖА НА УЛИЦИ					
1	**М1** - МАГИСТРАЛНА УЛИЦА - РЕГИОНАЛЕН ПАТ **Р2335** - (Вашареица-врска со Р1101 -Бучин-Обршани-Кривогаштани-Ропотово-врска со Р1303)	1,985.00	12,899.00	5,955.00	18,854.00
ВКУПНО ПОВРШИНИ ЗА ПРИМАРНА МРЕЖА НА УЛИЦИ		1,985.00	12,899.00	5,955.00	18,854.00
СЕКУНДАРНА МРЕЖА НА УЛИЦИ					
2	**Ср1** - СЕРВИСНА УЛИЦА ´1´ , ´2´ , ´3´ , ´4´ , ´5´ , ´6´ , ´7´ и ´8´.	3,413.00	22,184.50	10,239.00	32,423.50
3	**Ст1** - СТАНБЕНА УЛИЦА ´9´ , ´10´ , ´11´ , ´12´ , ´13 , ´14´ и ´15´	2,185.00	12,017.50	6,555.00	18,572.50
4	**Пр** - ПРИСТАПНА УЛИЦА ´16´, ´17´, ´18´, ´19´, ´20´, ´21´, ´22´, ´23´, ´24´, ´25´, ´26´, ´27´, ´28´, ´29´, ´30´, ´31´ и ´32´	3,841.00	21,710.04		21,710.04
5	**Пу** - ПЕШАЧКА УЛИЦА	780.00	3,510.00		3,510.00
6	**Пп** - ПЕШАЧКА ПАТЕКА	1,151.00	2,300.00		2,300.00
ВКУПНО ПОВРШИНИ ЗА СЕКУНДАРНА МРЕЖА НА УЛИЦИ		11,370.00	61,722.04	16,794.00	78,516.04
СЕ ВКУПНО ПОВРШИНИ ЗА УЛИЦИ		**13,355.00**	**74,621.04**	**22,749.00**	**97,370.04**
7	РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК - РЕКИ				**12,012.27**
8	ЈАВНИ ПОПЛОЧЕНИ ПОВРШИНИ				**3,856.40**
9	Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО - ТРЕВА				**7,422.00**
СЕ ВКУПНО јавна површина m²:					120,660.71

Радиусите на хоризонталните кривини и раскрсниците се со Р=6м, Р=8м, Р=10 м, Р=12м и Р=20м.

- Хидрауличка пресметка за регулирани водотеци

Општо

Технички осврт кон постоен главен проект за регулрирано корито на река Саждеица.

Заради обемноста на проектот и пресметките во хидротехниката, пред сè, треба да се разликуваат поимите за точноста на пресметките, бидеќи заблудите најчесто се јавуваат баш во врска со тие поими. Во природните науки и техниката поимите се разликуваат:

рачунска (аритметичка) точност - Рачунската точност може да се развива до произволен степен во зависност од бројот на рачунските операции.

потребна (доволна) точност - Потребната точност, условена е од поставените технички барања и можностите тоа во пракса да се оствари економично.

можна точност - Можната точност зависи од точноста на параметрите (податоците) што се внесуваат во пресметката.

После внимателно разгледување на техничката документација констатирано е:

Главниот проект изработен е доста солидно, сопфатен пристап – концепциски, хидролошки, хидраулички и градежно технички. После поминати десетина години од изработка на проектот, односно денеска, по увидот на лице место утврдено е:

Ситуационата подлога не одговара на денешната состојба на лице место – со ажурираната ситуација има доста новоизградени објекти по должина на и во речното корито.

Меродавното Q максимум усвоена = 25м^3/сек. Земена за димензионирање на речното корито пресметана е со веројатност за појава еднаш на 100 години што претставува „мегаломански“ зафат за вакво населено место со ~ N=3000 до 3500 ж.

Хидрауличка пресметка

Заради тоа во оваа Хидрауличка пресметка предлагаме попрактичен пристап и затоа усовено е за димензионирање на речното корито за ваков тип на водотек Q мах/50 м^3/сек со дозволена веројатност на плавење еднаш во 50 години, или према обликот на сливот во топографски поглед за планини со благи терени за Qмах/50 години се претпоставува веројатност на појава 0,35 додека за Qмах/100 истата е 0,20 значи сосема оправдан е предлогот за хидро пресметка за Qмах/50 години (од техничар 6 стр. 305).

- Да се регулира коритото на р. Саждеица, за Q мах/50години=16м^3/сек, а не за Q мах/100=25м^3/сек како што е во главниот проект.

Регулираното речно корито ќе добие доста помали димензии, што подразбира економски оправдано проеткирање. Техничките објекти, покрај функционалноста, треба да го задоволат и условот на сигурност во експлоатацијата. Големата вода на која се проектира објектот, од која во голема мерка зависи сигурноста на објектот, се одредува врз основ на одредени правила (регулативи и норми), или пак на основ на економските анализи Повратниот период на меродавната голема вода, може да се одреди и врз основ на дозволениот ризик да истата биде надмината во текот на проектниот век на објектот. Под одредување на регулационите елементи се подразбираат сите основни карактеристики на регулираното речно корито.

- карактеристики на речниот профил.
- карактеристики на трасата на регулираното корито.
- карактеристики на регулационите објекти.

Во основа во сите овие претпоставки, лежи старата вистина – дека со рационални регулациони мерки не може да се постигне нешто што е спротивно во природата на водниот тек, доколку суштински не се менува природниот режим, како што е во случајот со канализирање на реката.

<u>Конкретен предлог со основни параметри</u>

Промената на трасата во однос на осовина и горни ивици на регулационите ѕидови.

Даден е прелиминарен попречен пресек на регулционото речно корито на р. Саждеица со комбинирана трапезна форма со „минор“ и „мајор“ корито (графички прилог лист 4 за инфраструктута).

Во прилог доставуваме извадоци од главниот проект од хидролошката анализа и хидрауличката пресметка на големата меродавна вода, како поткрепа на нашиот предлог за промена – дека во истите нема промена.

Предлог – регулираното речно корито на р. Саждеица е за Qмах/50=16м^3/сек. додека „минар“ коритото за Qср=о,165м^3/сек (карактеристични месечни количини), односно Qср=0,154м^3/сек. со најголема учесталост (види сумарна табела 1 и 2 за сите методи и одделно за двете реки „Саждеица“ и „Кошинска“, кои како притоки пред вливот релативно рамномерно учествуваат во формирање на протокот на главното корито – земените вредности се обележани со црвено).

Ако ги споредиме новопланираниве два профили на регулирани водотеци за река Саждеица со попречен профил од 6,0м и регулираните водотеци за двете притоки „Саждеица“ и „Кошинска“, на река Сажденица со попречен профил од 4,4м, со предвидените во постојниот Главен проект за регулрирано корито на река Саждеица, ќе видиме дека овие новопланираните се двојно помали, а тоа значи дека се економски оправдани и амбиентално се вклопени. Исто така со планирање на минор корито се овозможува прифаќање на Qср така да водата не се разлева по целата широчина на речното корито, а со тоа се овозможува и полесно одржување на наносот во речното корито при експлоатација.

РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА река САЖДЕИЦА



МАЈОР КОРИТО:
за Qmax/50g = 16m3/sek
за J = 0.0025m/m1
за V = 2.0m/sek
Q = F*V
F = 8.0m2

МИНОР КОРИТО:
за Qsr= 0.154m3/sek
за J = 0.0025m/m1
за V = 2.0m/sek
Q = F*V
F = 3.5m2

РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА ДВЕТЕ ПРИТОКИ НА река САЖДЕИЦА



МАЈОР КОРИТО:
за Qmax/50g = 6,89-7,0m3/sek
за J = 0.005m/m1
за V = 2.0m/sek
Q = F*V
F = 3,5m2

Fвк = F + λ = 3,28 + 0,18 = 3,46m2

Табела 1

$$Q_{max(P\%)} = \frac{Pef \times Tk}{500 \times Tb}$$

Траење	Веројат.	Pef1	Pef2	DP=P2-P1	Pef	Qmax
години	(%)	mm	mm	mm	mm	**m3/s**
2	50	0.00	0.00	0.00	0.00	**0.00**
5	20	0.00	0.07	0.07	0.02	**0.18**
10	10	0.02	0.40	0.37	0.14	**1.20**
25	4	0.27	1.16	0.89	0.55	**4.68**
50	2	0.62	1.95	1.33	1.04	**8.78**
100	1	1.09	2.90	1.82	1.66	**14.03**
1000	0.1	3.38	7.05	3.67	4.54	**38.36**

Компјутерски софтверски пакет HydroCad

За добивање на максималните истекувања од сливот користѐн е и компјутерскиот софтверски пакет HydroCad.

Во истиот, како влезни податоци се внесени топографските карактеристики на сливот.

Трансформацијата на интензивните врнежи во ефективни вршена е со SCS методата каде дождот е земен со константно времетраење.

Резултатите од извршените пресметки дадени се во табела:

Ti	Pi	**HydroCad**
god		**m3/sec**
2	50	0.00
5	20	0.95
10	10	3.46
25	4	8.56
50	2	14.04
100	1	20.62
1000	0.1	45.90

Сумарна Табела

Во студијава применети се неколку параметарски методи за дефинирање на големите води со различни периоди. Сите методи помалку или повеќе даваат приближно исти резултати, т.е. резултати кои се во границите на анвелопните линии на модулните протеци во зависност од големината на сливната површина. Одредено одтсапување дава методата на Дионис Сребреновиќ.

Ti	Pi	HydroCad	Snajder	SCS	GREJ	Dionis Srebrenovic	Prosek
god	%	m^3/sec	m^3/sec	m^3/sec	m^3/sec	m^3/sec	m^3/sec
2	50	0.00	0.01	0.00	0.00	9.53	**1.91**
5	20	0.95	0.40	0.18	0.18	15.63	**3.47**
10	10	3.46	2.19	1.20	1.22	20.87	**5.79**
25	4	8.56	6.30	4.68	4.69	28.54	**10.55**
50	2	14.04	10.48	8.78	8.72	34.89	**15.38**

Табела 2

100	1	20.62	15.57	14.03	13.89	41.69	**21.16**
1000	0.1	45.90	37.51	38.36	37.76	67.37	**45.38**

Детална хидролошка анализа, вршена е и со поделба на сливот на два дела кои гравитираат кон притоките Кошинска и Саждаица, кои го сочинуваат главниот водотек. Применети се сите методи опишани предходно од кои се апстрахирахи само крајните резултати:

Ti	Pi	Kosinska reka	reka Sazdaica	Vkupno
god.	%	m^3/sec	m^3/sec	m^3/sec
2	50	0.89	1.13	**2.02**
5	20	1.60	2.05	**3.66**
10	10	2.62	3.41	**6.03**
25	4	4.73	6.15	**10.88**
50	2	6.89	8.95	**15.84**
100	1	9.48	12.21	**21.69**
1000	0.1	20.40	26.03	**46.43**

Истата анализа користи за регулирање на деловите од притоките пред вливот во главното корито. Се забележува дека притоките релативно рамномерно учествуваат во стварањето на протекот на главното корито.

Избор на меродавна вода за димензионирање на регулираното корито на река Саждаица

Изборот на меродавната вода за димензионирање на регулираното корито на река Саждаица, вршен е према постојната техничка регулатива и препораките за димензионирање на таков тип на објекти.

Бидејќи делот од коритото кој се регулира поминува низ урбана средина, како меродавна вода за димензионирање на истото усвоена е голема вода со 100 годишен повратен период.

Q_{100} usvoeno=25 m^3/s

Протекот попатно по должината на регулираното корито, не е зголемуван поради релативно малата должина и непостоењето на други притоки, т.е. влијанието од меѓусливот е занемарено како многу мало и незначително.

Притоките кои го сочинуваат главниот водотек, на кратката должина предвидена за регулирање, усвоено е да се димензионираат со претпоставка за рамномерно учествуваат во стварање на протекот на главното корито.

- Водовод и Канализација

УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ опфаќа површина на плански опфат од 1 303 942,67 м2 и е предмет на изготвување на проект за водовод и канализација.

- Водоснабдување

Водоснабдувањето на населено место Лажани, во планскиот период 2015 – 2025 година, ќе биде од постоечката водоводна мрежа. Планскиот период е релативно краток – 10 години, додека проектен период за водовод за мали населени места е 25 години. Логичка претпоставка е дека истиот ќе ги задоволи основните потреби во овој плански период. Некогаш за проектен период се земало и 30 години, но денес со обзир на можностите за брз развој и индустијализација, многу е тешко да се предвидат идните потреби од вода.

Затоа во прв ред се потпираме на урбанистичката документација за изградба на населено место земајќи ги во обзир неговите предвидувања за бројот на жителите, планскиот период да се подели во две или повеќе етапи на изградба на водоводот со сукцесивно зголемување на единечната норма – количина на вода по жител на ден.

Очигледно дека населбата не е статичка величина.

Во денови со максимална потрошувачка Qn= 170 – 190 л/ден/ж.

Додека годишен просек Qn=80-100 л/ден/ж.

Зависно од големината на населбата.

За споредба да се ориентираме и према густината на населеноста – пример:

За G=30-80/ha (за мали населени места)

Nц=1864 ж. Сегашен број жители (попис 2002 година) за годишен прираст 2% и за плански период од 10 години.

N проект.=1864x1,64=3057 жители

Qнорма=150 л/ден/ж. (за село до 5000 жители)

Qср/ден=NQn=1864x150=279600 л/ден

Qср=Qср/ден/86400=3,24 л/сек.

Qmah/час=Qср x a1=3,24 x 1,5=4,86 л/сек

Qапс.мах/час=Qмах/час x a2= 4,86 x 2л/сек.

Qапс.мах/час=9,72 л/сек.

Главниот цевковод треба да ја пропушта оваа количина на вода Qапс.мах/час односно пожарната количина вода, поточно за села до 5000 жители појава на еден пожар, време траење 2 часа и работа на 2 пожарни хидранти Q=5,0 л/с.

Заради оваа пожарна количина вода, предвидуваме нови цевководи PVC F11C – 90 mm од постоечкиот главен цевковод во населбата до индустриските зони (мало стопанство) првенствено за заштита од пожар и поквалитетно водоснабдување во планскиот период.

Проектирани главни огранци

Постојниот главен цевковод со ПВЦ Ф 160 мм. се до река Саждеица. Од таму се рачва преку реката и лево од неа со ПВЦ Ф 110 се до џамијата од левата страна на реката – низводно. Од оваа џамија продолжува со ПВЦ Ф 63 истиот да се реконструира во ПВЦ Ф 90 се до НПХ кај детската градинка над Основното училиште. Од големата меандра на река Саждеица, главниот цевковод со Ф 160 се рачва со Ф 110 кон гробиштата. Со Ф 110 продолжува од десната страна на реката, по патот за село Вашареица. Кон индустриската зона – лесна индустрија, проектирани се огранци ПВЦ Ф 90 заради против-пожарна заштита приклучени на постоечката водоводна мрежа Ф 110

На постоечката и новопроектираната мрежа, проектирани се надземни пожарни хидранти, претежно во централниот дел од населбата, кај деловните објекти, кај јавните објекти – училиште и детска градинка, амбуланти, кај џамиите – кај објектите со поголема комуникација.

Во оваа фаза на проектирање и ова ниво на урбанистички план, проектирани се вкупно 11 надземни пожарни хидранти. Сите останати водоводни линии треба да бидат со профил Ф 63 како најмал проектиран.
Јавното комунално претпријатие во Општината Долнени, да се стреми кон постепена реконструкција и примена на овие препораки што ќе овозможат квалитетно водоснабување на целиот урбанистички опфат со своите содржини..
Подолу следуваат на увид основните големини за проектираните делници.

За D= 110/6 D=110/10
Q=7,0 л/сек Q=6,5 л/сек
V=0,83 м/сек V=0,83м/сек
J=0,00677 м/м J=0,00724 м/м
Главниот цевковод постоечки и предлог замена на истиот до индустриските зони.

За D=90/6 D=90/10
Q=5,2 л/сек Q=5,2 л/сек
V=0,92 м/сек V=0,99 м/сек
J=0,01053 м/м J=0,01268 м/м
Главни доводни огранци до индустриската зона

За D=63/6 D= 63/10
Q=4,6 л/сек Q=4,6 л/сек
V=0,81 м/сек V=0,88 м/сек
J=0,00845 м/м J=0,01018 м/м

D=63/6 D=63/10
Q=2,5 л/сек Q=2,5 л/сек
V=0,44 м/сек V=0,65 м/сек
J=0,00285 м/м J=0,00593 м/м
За сите секундарни линии во водоводната мрежа – планирана.

Во првата фаза на реконструкција на водоводната мрежа, проектирани се надземни пожарни хидранти по главната артерија реката и кон малото стопанство, како прва противпожарна заштита.
Препорака: Треба да се изаботи основен проект за реконструкција на водоводната мрежа за проектен преиод од 20 години со сите основни големини дефинирани во истиот.

- Фекална канализација
Во населеното место Лажани, постои фекална канализациона мрежа со испуштање на фекалните води во реката Саждеица низводно вон урбанистичкиот опфат. Основниот костур е изграден – се состои од два колектори што ја пратат реката од левата и десната страна.

Колекторот К1 изграден е од десната страна на течението на реката и се протега низ целиот урбанистички опфат.

Колекторот К2 изграден е од левата страна на реката и се протега од север по патот за село Дебреште, јужно до Основното училиште, каде што преку реката се влива во К1.

Сите други секундарни канали, гравитираат кон овие два колектори. Исто така и новопроектираната фекална канализација гравитира кон К1 и К2 зависно од конфигурацијата на теренот и нивелационото решение. Поголем дел (~60%) од канализационата мрежа е изграден. Одредувањето на вкупната количина на фекална и употребена вода, зависи од количината на употребената чиста вода во населбата. Канализационата мрежа мора да ја пропушта максималната часовна количина употребена вода, која (за мали населби) е 10% поголема од истата. Вкупната количина фекална вода се пресметува

по практичната формула Q=GQh/3600x0,0625 л/сек/ха што е сосема доволно за ова ниво на техничка документација. Истата се зголемува за 10% заради можен прилив на поземна вода.

Fбруто=130,4 ха
Fнаменска= 118,01 ха
Fдомување= 110,05 ха
Nпроект= 3057 жители во планскиот период 2015 година.
Gбр= 23,0 ж/ха Qнорма= 150 л/ж/ден
Gн= 30,0 ж/ха
Q=GQh/3600x0,0625 л/сек/ха = 29,7*150/3600=0,0625 л/сек/ха
Q=0,077 л/сек/ха
Q=0,077 * 1,1 = 0,085 л/сек/ха
Qвк= Fдомување * 0,085 = 110,05 * 0,085 = 9,35 л/сек
Qвк= 9,35 л/сек
Хидрауличка проверка:
К1
за Qн=8,76 л/сек
за D=200мм
за J=0.004м/м1
Qd=25.04 л/сек
Vd=0.8 м/сек
Qн/ Qd=0.35
Vн/ Vd=0,92
H/D = 0.41
Vн = 0.74 м/сек
H = 82мм

К2
за Qн=8,76 л/сек
за D=250мм
за J=0.004м/м1
Qd=45,19 л/сек
Vd=0.92 м/сек
Qн/ Qd=0.194
Vн/ Vd=0,78
H/D = 0.30
Vн = 0.72 м/сек > Vmin = 0.40 м/сек
H = 75мм

Предвидена е монтажна пречистителна станица, која ја прочистува фекалната количина вода до 97% чистота. Истата слободно може да се испушта во природен водотек. Локацијата е во најнискиот дел од урбанистичкиот опфат, нопосредно до река Саждеица (кт 611.50). За фекалната канализација препорачуваме пластични канализациски цевки. Во Основниот проект за доизградба на фекалната канализација ќе бидат дефинирани сите карактеристични големини потребни за изградба.

- Атмосферска канализација
Самата конфигурација на теренот, каде што е распослано населеното место Лажани, ја условува основната поставка на атмосферска канализација. Во правец запад – исток теренот е во просек под J=5% оптимален. Главен реципиент за атмосферска вода е реката Саждеица.

Основна задача на атмосферската канализација е – по најкраток пат атмосферските количини на вода да ја одведи до реципиентот. На сите можни приливи на поголема количина атмосферска вода, проектирани се зафатни објекти, што ја усмеруваат водата кон каналската мрежа.
Поголем дел (80 %) од атмосферската количина на вода гравитира во реката Саждеица како реципиент.
Сите испусти во реката - вкупно 14, да бидат регулирани со жабји капаци, за да нема враќање на водата во каналската мрежа при евентуално голема вода во река Саждеица, како и влез на животни што би ја запушиле.
Пред урбанистичкиот опфат, реката Кошинска, односно нејзиниот влез регулиран е со влезна градба продолжува со затворен армирано бетонски канал под улицата, кој и денес постои како импровизација на АБК. Истиот се влива во регулирано речно корито во Кошинска река во правец север – југ, се до влив во реката Саждеица. На север од урбанистичкиот опфат, паралелно на патот кон село Дебреште, проектиран е затворен бетонски канал.
Овој канал преминува како затворен под спојот на патот за село Кошино се до влив во реката Саждеица.

Поголеми собирни канали што ја прифаќаат атмосферската количина на вода се 5 - Д1, Д2, Д3, Д4, Д5.

Д1 – најоптеретен со припадна површина F=12ха со правец југо-исток кон реката.

Д2 и Д3 – со припадна површина F=6ха на правец северо-исток кон реката.

Д4 – со F=8ха на јужната страна со слободен истек во каналот покрај патот, со правец северо-запад до југо-исток низ инд. површини.

Д5 – со F=6ха се протега од џамијата десно од река Саждеица во правец североисток – југозапад со испуст во природен водотек.

Пресметувањето на количините атмосферска вода зависи од метеоролошките големини на атмосферскиот талог и интензитетот на јаките дождови и нивниот распоред во текот на годината.
Заради претходно наведеното, потребно е да се набљудува подолг временски период од 20 години и повеќе. За села и индустриски комплекси потребен период за пресметување на максималните врнежи е една година.
Вкупна количина вода од цел урбан опфат за село Лажани:
Q=Fqf
F=130,4 хе бруто површина на опфатот
Q=116л/сек/хе – специфичен талог позајмен од хидролошката студија за градот Прилеп
f=0,30 просечен коефициент на истекување за ваков тип на населби со градини и земјоделски површини.
Q=130x116x0,30
Q=4524 л/сек што во конкретниов случај е ирелевантна.
Хидрауличка проверка:

Д1:
F=12ха
Q=Fqf=12x116x0,30=418 л/сек
За J=0,005м/м
D=600 мм
Qd=507 л/сек
Vd=1,79 м/сек

Д2, Д3, Д5:
F=6ха
Q=Fqf=6x116x0,30=209 л/сек
За J=0,005м/м
За D=450 мм
Qd=238 л/сек
Vd=1,5 м/сек

Д4:
F=8xa
Q=Fqf=8x116x0,30=278 л/сек
За J=0,005 м/м
За D=500 мм
Qd=314 л/сек
Vd=1,6 м/сек
Во основниот проект за атмосферска канализација ќе бидат дефинирани сите основни големини и карактеристики во најголем дел према оваа диспозиционо решение за оваа урбанистичка поставка.

- **Електрика и ПТТ**
  - **Електроенергетика**

Основното решение за УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ опфаќа површина на плански опфат од 1 303 942,67 м2 и истиот е предмет на изготвување на основно електроенергетско напојување.

Влезните параметри врз основа на кои се врши димензионирање на електричната мрежа, партерното осветление и телекомуникационата мрежа се .

Површина на планскиот опфат = 1 303 942,67 м2
Вкупна површина на наменска зона = 1 183 281,96м2
Јавни површини во планскиот опфат = 120 660,71 м2

ВКУПНА ПОВРШИНА НА НАМЕНСКА ЗОНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	1,183,281.96	m²
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	1,104,272.60	m²
Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	402.14	m²
Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	5,687.73	m²
Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	1,104.37	m²
В1 - ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ	5,908.12	m²
В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТА И ДЕТСКА ГРАДИНКА	3,310.95	m²
В3 - КУЛТУРА - КИНО	278.29	m²
В5 - ВЕРСКИ ОБЈЕКТ - ЏАМИЈА	1,765.43	m²
Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	9,755.65	m²
Г3 - СЕРВИСИ	1,792.46	m²
Г4 - СТОВАРИШТА	12,827.89	m²
Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	2,524.78	m²
Д4 - МУСЛИМАНСКИ ГРОБИШТА	31,958.50	m²
Е2 - БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И ТРАФОСТАНИЦИ	1,693.05	m²

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следниве електроенергетски параметри:

Едновремената снага за класа на намена

– А1 (домување во станбени куќи):

број на објекти, N=450 n=0,4 , Pin 1 = 25 kW

Ped1 = n x Pin 1= 0,4x25 = 10 kW

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped1vk =450 x 10 кW = 4500 кW

- Б1 - мали комерцијални и деловни намени

број на објекти , N=50 n=0.3 , Pin 2 = 20kW

Ped2 = n x Pin 2 = 0.3 x 20 = 6kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped2vk =50 x 6 кW = 300 кW

- Б2 и Б3 - големи трговски единици и угостителски единици

број на објекти , N=5 n=0.7 , Pin 3 = 50kW

Ped3 = n x Pin 3 = 0.7 x 50 = 35kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped3vk =5 x 35 кW = 175 кW

- В1 - Образование - основно училиште

број на објекти , N=1 n=0.3 , Pin 4 = 70kW

Ped4 = n x Pin 4 = 0.3 x 70 = 21kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped4vk =1 x 21 кW = 21 кW

- В2 - Здравство и социјална заштита - Амбуланта и детска градинка

број на објекти , N=5 n=0.3 , Pin 5 = 20kW

Ped5 = n x Pin 5 = 0.3 x 20 = 6kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped5vk =5 x 6 кW = 30 кW

- В3 - култура - кино

број на објекти , N=1 n=0.3 , Pin 6 = 30kW

Ped6 = n x Pin 6 = 0.3 x 30 = 9kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped2vk =1 x 9 кW = 9 кW

- В5 - Верски објект - џамија

број на објекти , N=4 n=0.3 , Pin 7 = 20kW

Ped7 = n x Pin 7 = 0.3 x 20 = 6kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped7vk =4 x 6 кW = 24 кW

- Г2 - лесна индустрија

број на објекти , N=20 n=0.3 , Pin 8 = 15kW

Ped8 = n x Pin 8 = 0.3 x 15 = 4.5kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped8vk =20 x 4.5 кW = 90 кW

- Г3 - сервиси

број на објекти , N=20 n=0.3 , Pin 9 = 20kW

Ped9 = n x Pin 9 = 0.3 x 20 = 6kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped9vk =20 x 6 кW = 120 кW

- Г4 -стовариште

број на објекти , N=15 n=0.2 , Pin 10 = 20kW

Ped10 = n x Pin 10 = 0.2 x 20 = 4kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped10vk =15 x 4 кW = 60 кW

- Д3 - спорт и рекреација

број на објекти , N=2 n=0.3 , Pin 11 = 10kW

Ped11 = n x Pin 2 = 0.3 x 10 = 3kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped11vk =2 x 3 кW = 6 кW

- Е2- бензиска пумпна станица

број на објекти , N=1 n=0.3 , Pin 12 = 30kW

Ped12 = n x Pin 12 = 0.3 x 30 = 9kW,

Ped12vk =1 x 9 кW = 9 кW

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

- Улично осветление

број на објекти , N=450 n=1 , Pin 13 = 0,055kW

Ped13 = n x Pin 13 = 1 x 0,055 = 0,055kW,

Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:

Ped13vk =450 x 0,055 кW = 24,75 кW

Pedvk = Ped1vk+Ped2vk +.....+Ped12vk+Ped13vk

Pedvk=5.368,75 кW

Оваа потребна едновремена снага ќе се обезбеди од постојната нисконапонска 0,4 KV мрежа која се наоѓа во опфатот, што е во надлежност на ЕВН-Македонија, КЕЦ ПРИЛЕП. Напојувањето на конзумот во КО Лажани се обезбедува преку три среднонапонски 10(20) kV водови кои се поставени на носечки армирано-бетонски столбови, за кои не е предвиден посебен заштитен појас и кои водат до постојните три ТС 10(20)/0.4 kV/kV .Нисконапонската 0,4kV мрежа е поставена дел на дрвени столбови, дел на армирано-бетонски столбови и истата е прикажана и обележана според документот бр. 24-874/2 од 09.06.2014 год. издаден од ЕВН Македонија-Скопје, КЕЦ Прилеп. Заради задоволување на конзумот со стабилна и квалитетна ел.енергија потребно е во постојните три трафостаници да се обезбедат по 2 трансформатори во секоја со моќност од по 1MVA.

Нисконапонска мрежа при реализација на УПС потребно е да се надогради и реконструира и да се изведе дел како надземна со армирано бетонски столбови секој со поставено улично осветление, а дел како подземна.Постојната мрежа која е во најголем дел надземна на дрвени столбови треба по проценка на надлежните и според податоците за староста на столбовите да се користи и понатаму со соодветна динамика на постепено менување на дотраените дрвени столбови со носечки и аголно-затезни бетонски столбови. При тоа се препорачува промена на пресекот на спроводниците со СКС кабелски сноп или РРоо кабел но со една димензија поголема од постојната поради се поголемата побарувачка за електрична енергија како и потребата од квалитетна енергија со стабилни параметри и мал пад на напон на крајните точки на секој извод. Планскиот опфат бара и промена на постојните трансформатори со трансформатори со повисока моќност од постојните, а според тенденциите на ширење на селото во постојните трафостаници кои во селото ги има 3 треба да се сменат постојните трансформатори со нови со двојно поголема моќност од сегашната. Приклучување на објектите за индивидуално домување може да се изведе со слободно стоечки ормари - НКРО., итоа за неколку објекти тој ормар да биде заеднички, во кој ќе бидат сместени броилата и осигурачите.

- Телекомуникациска мрежа

Телекомуникациската мрежа е значаен фактор во развојот на општествениот стандард, со можноста за брзо ширење на секаков вид на информации.

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот еден објект – телефон, по 1(еден) телефонски приклучок.На основите е прикажана постојната ТК инфраструктура која е подземна и која со разработката на просторот ќе биде надоградена и приклучена на постојната ТК мрежа со надоградба на инфраструктурата во командните ормари и серверите на операторите кои го покриваат планскиот опфат. Постојната мрежа и инфраструктура е прикажана според документот добиен од Македонски Телеком АД Скопје со бр. 12- 232751/2 од 30.10.2015.

- Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, ONE и ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на региони, општини и населени места, изготвување на проекти за развој на GSM мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот и усогласување на развојните планови со одделни институции на државата.

Бројот на базните станици зависи од барањата за капацитетот на мрежата во одреден регион и категоријата на подрачјето кое се покрива: градско подрачје, патишта или рурални подрачја. Овој регион целосно е покриен со сигнал и на трите мобилни оператори.

Заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и подзаконските акти кои се однесуваат на предметната проблематика (Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето (точка 13, Сл. весник на Р.М. број 153/07);

Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

вршењето различни дејности;

загадувачките супстанци и технологии;

отпадот;

бучавата и вибрациите;

јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, коа што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот и која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;

изградба на современа инфраструктура;

селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата

озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел

заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура

при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука

загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Планот предвидува целосно прифаќање на отпадните води каде ќе биде извршен третман-пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената градежна парцела.

- *Заштита на почвата*

Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди.

- *Заштита на водата*

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита.

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник. За опфатот ќе биде извршен третман-пречистување во пречистителна станица, поставена во планскиот опфат.

- *Заштита на воздухот*

Релативно чистиот воздух може да биде загаден поради протокот на голем број на товарни возила, автобуси и лесни моторни возила на регионалниот пат кои се во близина на овој простор.

- *Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад*

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

- *Заштита од бука*

Намената на просторот за мало стопанство и деловни објекти покажува дека во зависност од намената на одделни градежни парцели можат да се лоцираат и градби кои предизвикуваат поголемо ниво на бучава. Се препорачува користење на технологија која не прави голема бучава, односно да се користи софистицирана опрема.

- *Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)*

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Од Условите за планирање на просторот се гледа дека на просторот кој го опфаќа овој УПС *се наоѓа предложен за заштита споменик на природата Даб:*

ДАБ СП (споменик на природата - предлог)

Дабовото стебло (Ljuercus robur) се наоѓа во атарот на муслиманските гробишта во с. Лажани. Височината му изнесува 22 м, обемот 4,5 м. Распонот на гранките И-З му изнесува 21 м, а С-Ј - 19 м. Дендролошка намена. Добра состојба.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има меѓународен статус: III и режим на заштита: 6.

При изработка на Урбанистички план за село Лажани, Општина Долнени да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14), и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Доколку при изработката на овој УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14).

- **Мерки за заштита и спасување**

Од Условите за планирање на просторот се гледа дека на просторот кој го опфаќа овој УПС селото Лажани, за кое се работи Урбанистичкиот план се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) и согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, бр,.05/03, бр.58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11-пречистен текст), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04, 81/07 и 55/13) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05 и 36/11), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите и проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, а начинот на примена со Уредба го уредува Владата.

Мерките за заштита и спасување треба да бидат согласно критериумите на член 32 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14), а потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр: 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Мерките за заштита и спасување од други несреќи: пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер, од каде заштитата и спасување треба да биде согласно критериумите на член 54, член 72, член 74, член. 82, член, 87 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14), и Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04, 81/07 и 55/13) , и др. позитивни прописи со ко се регулира оваа област.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

- *Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи*

Мерки за заштита од земјотреси

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во урбанистичкиот план е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 7^0 по МЦС скалата.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)

брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,

непречена интервенција во кругот на катастрофата,

штетите да се сведат на минимум,

брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот план. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

- *Мерки за заштита од атмосферски непогоди и поплави*

За заштита на просторот од поплави и големи води треба да се почитуваат насоките и мерките дефинирани во делот на водостопанство. Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

- *Мерки за заштита од пожар*

При изработката на овој УПС се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) и Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04, 81/07 и 55/13) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

Брз и непречен пристап до градбите на ПП возила и другата ПП опрема во комплексот како би се овозможило кружно движење на истите;

Непосреден пристап на ПП возила и другата ПП опрема во ГП и до секој објект во неа , најмалку од две страни;

Обезбедување на пропусна моќ и сообраќаен профил на сите улици во ГП со мин. ш=5,5м, потребен радиус на кривина и носивост на коловозот од 10,0т осовински притисок, за да може да се движат ПП возилата и останатата ПП опрема;

- *Мерки за заштита од воени разурнувања*

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона со висок степен на загрозеност од воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

Просторот има производствен карактер и од тој аспект, како посебна цел можен е воен удар врз истиот. Во случај на воени разурнувања проектниот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни проектни елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

брза и непречена евакуација на луѓе

брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,

непречена интервенција,

штетите да се сведат на минимум,

брза санација на последиците.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини.

Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и објекти и нивно оштетување.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на Основниот проект, посебно за секоја градба.

- *Мерки за заштита од технолошки катастрофи*

Нема можности за технолошкте катастрофи, со оглед на намената на просторот.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки.

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето на гас или вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

- *Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита*

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќаат мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, превземање на мерки за заштита и одстранување на последиците од нив.

- *Мерки за заштита од свлекување на земјиштето*

Во понатамошната постапка на реализација на планските решенија кои произлегуваат од овој Урбанистичкиот план вон населено место, при изработка на Основните проекти, а со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потрбно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 42/14).

- Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвадилизирани лица

Согласно поглавје 13 од Правилникот за стандарди и нормативите за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15), обврска на урбанистичкото планирање е да се планира непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Тоа посебно се однесува на градежното земјиште за општа употреба и при издавање на условите за градење на градби од класите на намена А, Б и В (а тие се застапени во опфатот). Сите тротоари кои се планирани се без скалеста денивелација и во најголем дел со максимален наклон од 8,33%.

Секаде каде што ќе има потреба од изградба на рампи, истите мора да бидат димензионирани согласно член 76 став (3) и став (4) од правилникот. Исто така при изведба на новопроектираните улици на сите пешачки премини мора да се предвидуваат рампи за совладување на денивелацијата, соодветно

димензионирани и не смее да се псотвува урбана опрема на јавните пешачки површини која би претставувала архитектонска бариера за лицата со инвалидитет, посебно на лица со инвалидност со колички.

Во условите за градење на објекти од класата намени Б и В, мора да се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини на влезовите од градбите, како и внатрешни рампи во јавните и групните простории и простори за собири., димензионирани согласно одредбите од член 76 од правилникот.

4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Во Изводот од УПС ќе бидат содржани Оптшите услови за начинот на изградба, развој и користење на градежното земјиште, разработено на ниво на наменска зона. Изводот од УПС ќе се користи за добивање на одобрение за градење, за дооформување на градежни парцели, за изработка на Архитектонско-урбанистички проекти и други потреби кои ќе произлезат по неговото донесување.

За целосно да се реализира концептот на УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ - ОПШТИНА ДОЛНЕНИ потребно е да се запазат и почитуваат сите предвидени мерки, насоки и услови со кои се регулира изградбата на објектите и уредувањето на јавните површини во урбаниот опфат заедно со другите инфраструктурни објекти и останатите содржини, кои произлегуваат од овај документ и тоа:

1. Изградбата на сите објекти и инсталации од комуналната инфраструктура, како и целокупното уредување на предметниот локалитет, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи од областа на урбанизмот, архитектура и градежништвото, а во согласност на УПС за планскиот опфат, како и овие Општи и Посебни услови, што се составен дел на Планот.

2. Основен и доминантен вид на градба во планскиот опфат се објекти со класа на намена за:

А1 – Домување во станбени куќи 93.32%, со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени од 30% во однос на основната класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15),

а останатата површина од 6.74% е предвидена за следниве основни намени:

Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	0.03%
Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	0.48%
Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	0.09%
В1 - ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ	0.50%
В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТА И ДЕТСКА ГРАДИНКА	0.28%
В3 - КУЛТУРА - КИНО	0.02%
В5 - ВЕРСКИ ОБЈЕКТ - ЏАМИЈА	0.15%
Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	0.82%
Г3 - СЕРВИСИ	0.15%
Г4 - СТОВАРИШТА	1.08%
Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	0.21%
Д4 - МУСЛИМАНСКИ ГРОБИШТА	2.70%
Е2 - БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И ТРАФОСТАНИЦИ	0.14%

со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15).

3. Регулационата линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

4. Во графичкиот приказ на Урбанистичкиот план за село не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, а катастарската парцела претставува градежна парцела. Исто така, градежната парцела може да се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели или на една катастарска парцела може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби, и во сите случаи градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, бр. 44/15, 193/15 и 31/16). При изработка на архитектонско-урбанистички проект согласно член 13 став 3 точка 4 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15) граница на проектен опфат може да биди и граница на урбан блок дефиниран во урбанистички план.

5. При изработката на Проектната документација за оформување на површина за градба треба да се почитува член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15) во врска со типот на градењето и растојанијата на градежната линија во однос на градежната парцела.

6. При изработката на Проектната документација треба да се почитува член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15) во однос пречекорувањата на првостепената, второстепената и третостепаната пластика во однос на површината за градење.

7. Согласно член 50 став 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15) во вкупната изградена површина, која претставува збир на површините на сите изградени спратови на градбата, не влегуваат површините од пречекорувањата на првостепената, второстепената и третостепената пластика од член 36 од истиот правилник.

8. При архитектонското обликување на објектите во ГП, покрај функционалните, естетските и другите услови, треба да се води сметка за примена на современи конструктивни системи и градежни материјали, кои ќе оддаваат слика и амбиент на постојната рурална средина.

9. Паркирањето или гаражирањето е обезбедено во сопствената градежна парцела. Минималниот број на паркинг места ќе се утврди со проектната документација за секоја градежна парцела посебно како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15).

10. Во предвидените заштитни зони со заштитен појас од 20м на Регионалниот пат Р2335, заштитен појас од 3м на цевководот од РГВ ,,Студенчица,, и заштитен појас од 3м на регулираниот водотек на Река Саждеица и река Кошинска не се дозволени нови површини за градба на објекти.

11. При изготвување на проектната документација на сите објекти треба обавезно да се почитуваат сите мислења и согласности, добиени од надлежните институции за овој плански опфат.

12. Отстранувањето на градежниот шут, ќе го врши сопственикот, за своја сметка, и во најкраток можен рок, на начин како што е предвидено на ниво на најблиското населено место.

13. Хортикултурно уредување на слободните површини во ГП со засадување на заштитно зеленило и нивно континуирано одржување со цел да се добијат кавалитетни амбиентални пејсажи и целосно вклопување во околината.

14. Заштита на објектите од подземни води и предвидување на соодветни технички решенија за заштита на објектите во планскиот зафат.

15. Предвидување на современа инфраструктура и соодветни технички решенија за зафаќање на површинските и отпадните води преку систем на канализациона мрежа, па се до пречистителна станица и испуштање во природен реципиент.

16. Вградување на сите норми, прописи и стандарди при проектирањето и изведбата на ваков вид на објекти, со потенцирање на ПП прописите, прописите за звучна и термичка заштита на објектите, движењето на хендикепираните лица и економски одржлив степен на сеизмичка заштита на објектите од оваа класа (7 степени по Меркалиева скала).

17. Евентуалните измени и дополнувања на овој УПС за целиот плански опфат или за еден БЛОК, истите да се реализираат по постапка која е во согласност со актуелниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и другата позитивна подзаконска регулатива. При изработка на архитектонско-урбанистички проект согласно член 13 став 3 точка 4 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15) граница на проектен опфат може да биди и граница на урбан блок дефиниран во урбанистички план.

18. При реализација на планот за овој плански опфат, доколку дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

Основа за изработка посебни услови за изградба, како одредби кои се издаваат со Изводот од УПС, е Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15), специфичноста на планскиот концепт во планскиот опфат, како и планско-проектните барања.

Во Изводот од УПС ќе бидат содржани Посебните услови за начинот на изградба, развој и користење на градежното земјиште, разработено на ниво на наменска зона. Изводот од УПС ќе се користи за добивање на одобрение за градење, за дооформување на градежни парцели, за изработка на Архитектонско-урбанистички проекти и други потреби кои ќе произлезат по неговото донесување.

При изработка на проектната документација, треба да се почитуваат мислењата добиени од јавните надлежни институции, кои се прилог на овој УПС.

Планот е разработен на ниво на БЛОКОВИ, вкупно дваесет и девет (29) блокови, со детална разработка на секој блок со НАМЕНСКИ ЗОНИ.

Посебните услови се однесуваат посебно за секој БЛОК.

БЛОК 1

ВКУПНА ПОВРШИНА НА БЛОК 1 .....П = 19,343.67м2

- Јавна површина во блок 1 (улици, пешачки патеки, Д1-парковско зеленило, водотеци) .....2 067,59м^2

  Основната класа на намена Д1-парковско зеленило како јавна површина е исклучиво наменета за тревнати површини со можност за поставување на урбана опрема, без компатибилна класа на намена во однос на основната класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15).
- Наменска зона:

  Основна класа на намена:

  - **А1 - Домување во станбени куќи** ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови: самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи и други, како градби со максимум четири (4) станбени единици со Компатибилни класи на намена со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени од 30% во однос на основната класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр. 217/15, бр.222/15 и бр.228/15);

- Површина на наменска зона .....17 276,08м^2
- Мах. Процент на изграденост (Р) 70%
- Мах. Коефициент на искористеност.....2,1
- Максимална висина до хоризонтален венец .....10,20м^2
- Вкупен број на спратови ..... П + 2 + Потк
- Мах. број нивоа.....4
- Мах. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето.....1,2м

Во Урбанистичкиот план за село не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, па затоа катастарската парцела претставува градежна парцела. Исто така, градежната парцела може да се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела може да се



ЛЕГЕНДА :

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

1637 ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

Положба според катастарска евиденција

Објекти кои постојат во кат.евиденција

Објекти на лице место

Оградни бетонски ѕидови

Ограда од плетена мрежа

Електрични столбови- бандери

Електричен вод

Детални точки и коти на терен



	Координати на прекршни точки	
	X	Y
1	7526781.94	4588959.00
2	7526802.09	4588955.59
3	7526764.59	4588900.58
4	7526757.43	4588925.21
5	7526780.61	4588953.12

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

изработувач:
ДПИК ЏОН И ЏОНИ ДОО ПРИЛЕП, подружница СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ

ниво: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

фаза: УРБАНИЗАМ

тех.бр: 406/25

објект:
ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА КУЌА,КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

локација:
ДЕЛ ОД КП 1637 И ДЕЛ ОД КП 2899, КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

инвеститор:
Алексо Јошески од Прилеп

Симе Илиоски од Прилеп

Бранко Илиоски од Кратово

планер:
Наташа Кузманоска д.и.а.
Даме Димески д.и.а.
Васе Никоска д.и.а.

лиценца бр:
0.060

ревизија:

размер: 1:500

дата: 09.2025 лист.бр. 2



ЛЕГЕНДА :

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

1637 ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ:

НЗ НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ

1. БРОЈ НА ОБЈЕКТ

ПОСТОЕЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

СТОЛБ (0,4 KV) - ЕВН

НАДЗЕМЕН ВОД (0,4 KV) - ЕВН

БАКАРНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ КАБЛИ - ТЕЛЕКОМ

ПОСТОЕЧКА ВОДОВОДНА МРЕЖА

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

КАТАСТАРСКА ОПШТИНА	БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА (ДЕЛ ОД КП)	НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ГРАДБА м2	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	сопственост
ЛАЖАНИ	1637	1	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	77.48	7.30%	ПРИВАТНА
		2	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	61.08	5.75%	
		3	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	19.03	1.79%	
		4	ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ	34.20	3.22%	
		НЗ	НЗ - Неизградено земјиште	730.14	68.78%	
	2899	НЗ	НЗ - Неизградено земјиште	139.60	13.15%	РСМ
			ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ			

Положба според катастарска евиденција
Објекти кои постојат во кат.евиденција
Објекти на лице место
Оградни бетонски ѕидови
Ограда од плетена мрежа
Електрични столбови- бандери
Електричен вод
Детални точки и коти на терен



	Координати на прекршни точки	
	X	Y
1	7526781.94	4588959.00
2	7526802.09	4588955.59
3	7526764.59	4588900.58
4	7526757.43	4588925.21
5	7526780.61	4588953.12

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

изработувач:
ДПИК ЏОН И ЏОНИ ДОО ПРИЛЕП, подружница СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ

ниво: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

фаза: УРБАНИЗАМ

тех.бр: 406/25

објект:
ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА КУЌА,КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

локација:
ДЕЛ ОД КП 1637 И ДЕЛ ОД КП 2899, КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

инвеститор:
Алексо Јошески од Прилеп

Симе Илиоски од Прилеп

Бранко Илиоски од Кратово

планер:
Наташа Кузманоска д.и.а.
Даме Димески д.и.а.
Васе Никоска д.и.а.

лиценца бр:
0.060

ревизија:

размер: 1:500

дата: 09.2025 лист.бр. 3

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО РАМКИ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ - СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗЕТЕЛИ								
намена на површини	класа на намена	висина на венец	катност	површина на парцела	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност
СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ								
Домување во станбени куќи	А1	10.2	П+2+Пк	/	/	/	70%	1.00
СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ СО РАЗРАБОТКА НА ДЕЛ ОД КП БР.1637 И ДЕЛ ОД КП БР.2899 КО ЛАЖАНИ ОПШТИНА ДОЛНЕНИ								
Куќа со двор	А1.1	5	П	1061.53 m2	161.93 m2	161.93 m2	15.25%	0.15

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ				
ГП	бр. на објект	Намена на површини	м2	%
1	**1.1**	Куќа со двор	161.93 m2	15.25%
		Влезни скали /тераса	19.92 m2	1.88%
		Поплочена површина во Г.П/паркинг	539.28 m2	50.80%
		Зеленило	340.40 m2	32.07%
	Вкупно:		1061.53 m2	100%

А1 - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ					
ГП	дел од КП	Намена на површини	м2	%	компатибилни класи на намена
1.1	**1637**	А1.1 - КУЌА СО ДВОР	1061.53 m2	100%	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10,Б1.11,Б1.13,Б1.14,Б1.15
	2899				
ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ			**1061.53 m2**	**100%**	30%

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

Нумерички показатели

Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899	Г.П.	бр. на објект	намена на површини	класа на намена	висина на венец	катност	површина на парцела	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност	компатибилни класи на намена
1061.53	**1**	**1.1**	Куќа со двор	А1.1	5	П	1061.53 m2	161.93 m2	161.93 m2	15.25%	0.15	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10, Б1.11,Б1.13, Б1.14,Б1.15
			Влезни скали /тераса					19.92 m2				
			Поплочена површина во Г.П/паркинг					539.28 m2				
			Зеленило					340.40 m2				
Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899					/	/	**1061.53 m2**	**1061.53 m2**	**161.93 m2**			30%

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

изработувач:
ДПИК ЏОН И ЏОНИ ДОО ПРИЛЕП,
подружница
СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ

ниво: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

фаза: УРБАНИЗАМ

тех.бр: 406/25

објект:
ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА КУЌА,КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

локација:
ДЕЛ ОД КП 1637 И ДЕЛ ОД КП 2899, КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

инвеститор:
Алексо Јошески од Прилеп

Симе Илиоски од Прилеп

Бранко Илиоски од Кратово

планер:
Наташа Кузманоска д.и.а.
Даме Димески д.и.а.
Васе Никоска д.и.а.

лиценца бр:
0.060

ревизија:

размер: 1:500

дата: 09.2025

лист.бр. 4



ЛЕГЕНДА :

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

1637 ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

блок 9 БРОЈ НА БЛОК (УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ)

Р.Л. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА (УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ)

ГГП ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА

А.1 - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ

A1.1 **А1.1 - КУЌА СО ДВОР**

1.1 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

П ПЛАНИРАНА КАТНОСТ

H=5 m. ПЛАНИРАНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ

А1 - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ					
ГП	дел од КП	Намена на површини	м2	%	компатибилни класи на намена
1.1	**1637**	А1.1 - КУЌА СО ДВОР	1061.53 m2	100%	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10,Б1.11,Б1.13,Б1.14,Б1.15
	2899				
ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ			**1061.53 m2**	**100%**	30%



	Координати на прекршни точки	
	X	Y
1	7526781.94	4588959.00
2	7526802.09	4588955.59
3	7526764.59	4588900.58
4	7526757.43	4588925.21
5	7526780.61	4588953.12

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
(ПЛАН ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО)

изработувач:
ДПИК ЏОН И ЏОНИ ДОО ПРИЛЕП, подружница СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ

ниво: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

фаза: УРБАНИЗАМ

тех.бр: 406/25

објект:
ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА КУЌА,КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

локација:
ДЕЛ ОД КП 1637 И ДЕЛ ОД КП 2899, КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

инвеститор:
Алексо Јошески од Прилеп

Симе Илиоски од Прилеп

Бранко Илиоски од Кратово

планер:
Наташа Кузманоска д.и.а.
Даме Димески д.и.а.
Васе Никоска д.и.а.

лиценца бр:
0.060

ревизија:

размер: 1:500

дата: 09.2025 лист.бр. 5

ЛЕГЕНДА :

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- 1637 — ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- **блок 9** — БРОЈ НА БЛОК (УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ)
- Р.Л. — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА (УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ)
- ГГП — ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

А.1 - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ

- A1.1 — **А1.1 - КУЌА СО ДВОР**
- 1.1 — БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- П — ПЛАНИРАНА КАТНОСТ
- H=5 m. — ПЛАНИРАНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ
- ВЛЕЗ ВО ГП 1.1
- ВЛЕЗ ВО ОБЈЕКТ
- СТАНБЕНА УЛИЦА
- ПОПЛОЧЕНА ПОВРШИНА ВО Г.П./ПАРКИНГ
- ВЛЕЗНИ СКАЛИ /ТЕРАСА
- ЗЕЛЕНИЛО ВО Г.П.
- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- **ПАРКИНГ ЗА АВТОМОБИЛИ**
- 614.4 — ВИСИНСКИ КОТИ



	Координати на прекршни точки	
	X	Y
1	7526781.94	4588959.00
2	7526802.09	4588955.59
3	7526764.59	4588900.58
4	7526757.43	4588925.21
5	7526780.61	4588953.12

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ГП	бр. на објект	Намена на површини	м2	%
1	**1.1**	Куќа со двор	161.93 m2	15.25%
		Влезни скали /тераса	19.92 m2	1.88%
		Поплочена површина во Г.П/паркинг	539.28 m2	50.80%
		Зеленило	340.40 m2	32.07%
	Вкупно:		1061.53 m2	100%

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

Нумерички показатели

Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899	Г.П.	бр. на објект	намена на површини	класа на намена	висина на венец	катност	површина на парцела	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност	компатибилни класи на намена
1061.53	**1**	**1.1**	Куќа со двор	А1.1	5	П	1061.53 m2	161.93 m2	161.93 m2	15.25%	0.15	Д1,Д2, Б1.1,Б1.3,Б1.10, Б1.11,Б1.13, Б1.14,Б1.15
			Влезни скали /тераса					19.92 m2				
			Поплочена површина во Г.П/паркинг					539.28 m2				
			Зеленило					340.40 m2				
Вкупно опфат на дел од КП 1637 и 2899					/	/	**1061.53 m2**	**1061.53 m2**	**161.93 m2**			30%

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
(ПЛАН ЗА НАМЕНА НА ГРАДБИТЕ)

изработувач:
ДПИК ЏОН И ЏОНИ ДОО ПРИЛЕП, подружница СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ

ниво: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

фаза: УРБАНИЗАМ

тех.бр: 406/25

објект:
ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА КУЌА,КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

локација:
ДЕЛ ОД КП 1637 И ДЕЛ ОД КП 2899, КО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

инвеститор:
Алексо Јошески од Прилеп

Симе Илиоски од Прилеп

Бранко Илиоски од Кратово

планер:
Наташа Кузманоска д.и.а.
Даме Димески д.и.а.
Васе Никоска д.и.а.

лиценца бр:
0.060

ревизија:

размер: 1:500

дата: 09.2025 | лист.бр. 6



ЛЕГЕНДА :

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- 1637 — ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- **блок 9** — БРОЈ НА БЛОК (УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ)
- Р.Л. — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА (УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЛАЖАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ)
- ГГП — ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1 — БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ВЛЕЗ ВО ГП 1
- ВЛЕЗ ВО ОБЈЕКТ
- 614.4 — ВИСИНСКИ КОТИ
- СТАНБЕНА УЛИЦА
- ПОПЛОЧЕНА ПОВРШИНА ВО Г.П./ПАРКИНГ
- ВЛЕЗНИ СКАЛИ /ТЕРАСА
- ЗЕЛЕНИЛО ВО Г.П.
- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- **ПАРКИНГ ЗА АВТОМОБИЛИ**



Ст1 - Станбена улица

УЛИЦА ´12´ ,



	Координати на прекршни точки	
	X	Y
1	7526781.94	4588959.00
2	7526802.09	4588955.59
3	7526764.59	4588900.58
4	7526757.43	4588925.21
5	7526780.61	4588953.12

Урбанистички Проект за село за формирање на градежна парцела од дел од КП бр.1637 КО Лажани и дел од КП бр.2899 КО Лажани, с.Лажани, (од Урбанистички план за село Лажани, Урбан Блок ,,9,,), А1-куќи за домување, Општина Долнени

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (ВНАТРЕШЕН ДИНАМИЧЕН И СТАЦИОНИРАН СООБРАЌАЈ)

изработувач:
ДПИК ЏОН И ЏОНИ ДОО ПРИЛЕП, подружница СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ

ниво: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

